# 349. САМО СЕ ЧУДАМ




Само се чудам, се чудам,
чие е она девојче,
чие е она девојче,
што везден стои на порте.

Што везден стои на порте,
и китки цвеќе си кити,
и китки цвеќе китеше,
на ергените ги даваше.

На ергените ги даваше,
на секој ерген по една,
на секој ерген по една,
а мене ми даде две китки.

Две китики најубавите,
оти ја си имам, си имам,
оти ја си имам, си имам,
среќната свезда на чело.

И чизми до коленици,
и танка пушка на рамо,
и два колана куршуми,
и алти-патлак за појас.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995